Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 312 15 декември 2022 година

декември 2022 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**


**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област анестезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Примена на аналитичко-нумерички методи и модели за оптимизација на компјутерско водени процеси“ од вон. Проф. д-р Александар Крстев, доцент д-р Тодор Чекеровски, доцент д-р Далибор Серафимовски и д-р Ристе Тимовски од Факултет за информатика и факултет за електротехнички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 12

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Индустриски дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 14

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Планирање и одржување на зелените површини” од проф. д-р Васка Сандева, Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 16

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 19

**ПРЕГЛЕД** на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на кампус 4 ........ 20



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски
Уредници: проф. д-р Мишко Џидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување:Благој Михов
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-285/5 од 25.10.2022 година, донесена на 288. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 21.10.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област **анестезиологија** (30200) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Марија Шољакова, редовен професор во пензија за наставно-научната област анестезиологија со реанимација - претседател,
- д-р Јордан Нојков, редовен професор во пензија, за наставно-научната област анестезиологија - член и
- д-р Милка Здравковска, редовен професор за наставно-научната област епидемиологија и здравствена статистика и информатика, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха” на 30.9.2022 година и во предвидениот рок се пријави:

**д-р Билјана Ефтимова, доцент** за наставно-научната област **анестезиологија** (30200) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката доц. д-р Билјана Ефтимова е родена во Штип, каде што го оформува своето основно и средно образование, кое го завршува со одличен успех. Студиите на Медицински факултет во Скопје ги започнува во учебната 1980/1981 година и истите ги завршува во декември 1985 година со успех 8,0. Се вработува во ЈЗУ Клиничка болница - Штип во 1986 година, а во декември 1989 год. ја започнува специјализацијата по анестезиологија со реанимација и интензивна медицина, која ја завршува со успех во декември 1993 год.

Во 2002 година се стекнува со звањето примариус. Кандидатката стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност. Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански“ во Штип. Во 2009 година е избрана за предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата медицинска школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Од 2010 година е асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на ФМН при УГД.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, модул Клиничка медицина, отсек Анестезија со реанимација. Докторските студии ги завршува со просек 9.62, а на 1.12.2017 година успешно ја брани својата докторска дисертација со **наслов *„Влијание на изложеност на анестетичкиот гас диазот оксид врз здравјето на медицинскиот персонал во операциона сала“.***

Во нејзината досегашна научна работа, таа како автор и коавтор, има публикувано и презентирано 52 научни трудови како во земјава така и во странство, како и 2 интерни публикации во тек на престојот во АКХ во Виена.

Таа е учесник на повеќе конгреси, семинари и симпозиуми во земјава и надвор од неа од областа на анестезиологијата и реанимацијата и има перманентен и континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Посебно импресионира присуството

на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација.

Во прилог се дел од овие активности:

- Континуирана едукација, Семинар во рамките на Salzburg - Cornell Seminars, Austria (Cornell University, Medical college), мај 1995.
- Европска фондација за едукација во анстезиологија (F.E.E.A.) Континуирана едукација, прв циклус постдипломска настава: Респирација, THORAX, анестезија на глава и врат; Дојран, 18-20 јуни 1999.
- Континуирана едукација, Семинар во рамките на Salzburg - Cornell Seminars, Austria.
- Cornell University, Medical college; октомври 1999.
- Интерншип-Едукација за примена на нова специјалистичка апаратура во Интензивна нега - Јапонија, JICA Medisun. Co., Јапонија, 2 јануари – 28 февруари 2000.
- Специјалистичка обука на АКН – Vienna, Anesthesia and Reanimation Clinic-Intensive Care Unit, 1-30 септември 2000 г.
- Специјалистичка обука на АКН -Vienna, Anesthesia and Reanimation Clinic-Pain Therapy departement, 1-30 јули 2001 г.
- Менаџмент во здравствениот систем, Izrael, Galillee Coledge, октомври-ноември 2001 г.
- Интерншип - Обука за терапија на болка кај болни од карцином - која се одржа во Клинички центар Љубљана - Словенија на Одделот за онкологија во јануари - февруари 2003 год.
- Основна обука за ентерална и парентерална исхрана - која се одржа во Изворани – Романија, октомври 2003 год.
- Обука за анестезија на Медицинскиот универзитет Сорока - Тел Авив, Израел, која се одржа во февруари - март 2004 год.
- 13. Светски анестезиолошки конгрес - „Кеталар во седација на деца за КТМ“ Париз, април 2004 г. - постер презентација.
- Напредна обука за ентерална и парентерална исхрана-ESPEN 2005 –Мастрихт, Холандија, која се одржа во мај 2005 год.
- Европска школа за онкологија - Обука за палиативна нега кај болни од карцином - септември 2006 г., Стокхолм, Шведска.
- Тренинг обука за болнички менаџмент во земјите на Југоисточна Европа, јануари-февруари 2008, Јапонија.
- Европска школа за онкологија - обука во Лугано, Швајцарија, за терапија на терминални болни, јули 2009 г.
- ИНТЕРНШИП - Едукација во Мичиген, САД, Универзитет за медицина, Клиника за анестезиологија, ноември-декември 2014 г.
- (EACCME) - Европски акредитиран совет за континуирана медицинска едукација - Сертификат за учество – 2. Интердисциплинарен состанок за третман на периоперативно крварење и давање крв на пациент, Виена, Австрија, мај 2016 г.
- УСЗ Семинар во ПБМ: Фокус на периоперативно крварење, Хајнбург/Австрија 10-15.6.2018 год.
- Macedonian Congress of Anesthesiology, Reanimation and IntensiveCare; 2019, Авторката е поканет предавач на Конгресот со сопствено излагање.
- Current topics in anesthesiology 2021,Simpozium – учествува како поканет предавач.

**Општи услови за избор**

Кандидатката доц. д-р Биљана Ефтимова ги задоволува општите услови за избор на наставник во повисоко звање и навремено и уредно ги достави сите документи кои се бараа според Конкурсот, односно:

- Пријава; Уверение за државјанство; Куса биографија; Уверение за положени испити на додипломски студии на Медицински факултет; Диплома за завршени додипломски студии; Потврда за положени испити од трет циклус - докторски студии на Медицински факултет во Скопје; Диплома за завршен трет циклус студии на Медицински факултет; Уверение за положен специјалистички испит по анестезиологија; Уверение за познавање странски јазик; примерок од докторски труд; останати сертификати, потврди и документи;

- има просечен успех од студии 8, а просечен успех од докторски студии 9.62;
- доктор е на медицински науки - клиничка медицина, од областа анестезиологија;
- во 2018 година е избрана во звање доцент за наставно-научната област анестезиологија на ФМН при УГД;
- има доставен список од сите објавени трудови (53), како и сепарати од тринаесет труда од последната рецензија во 2021 година до сега. Шест од нив се објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор;

**Список на релевантни печатени трудови во последните 5 години**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Lazarova B, **Eftimova B**, | Evaluation of antibiotic consumption in Clinical hospital in Stip for the period 2017-2019, | Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (Suppl 1) 77 - 78 (2020) Online | Меѓународен уредувачки одбор – излегува повеќе од 5 годими |
| 2. | **Eftimova B**, и др. | Prognostic value of lactate dehydrogenase for in-hospital mortality in critically ill patients with COVID-19 | KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.7, April 2021 | ГИФ-1,822 **ICV 2021: 76.06 (Index Copernicus)** |
| 3. | Ефтимова Биљана, Лазарова Б. И други | D-DIMER levels as a biomarker for disease severity and mortality in COVID-19 critically ill patients, | KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.4. April 2021 | 3 god Global Impact Factor 1.822 ИЦВ 2021: 76.6 (ИК) |
| 4. | Emini Sh, Gazepov S, **Eftimova B**, и др. | Conjuctivitis caused by COVID-19, | KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.7, April 2021 | 3 god Global Impact Factor 1.822 ИЦВ 2021: 76.6 (ИК) |
| 5. | Zikova R, **Eftimova B** | Specifics of anesthesia in a patient with intracerebral hemorrhage – case report | KNOWLEDGE -International Journal vol.51 No.4, | 3 god Global Impact Factor 1.822 ИЦВ 2021: 76.6 (ИК) |
| 6. | **Eftimova B** **L**azarova B Eftimova A | Cesarean Section and Spinal Anesthesia in Clinical Hospital Shtip | International Journal Dental and Medical Sciences Research (IJDMSR) 2022, 4(5):248-251 | GIF 6.18 |

има доставено потврда за активно познавање на англиски јазик, издадена од British Council Mk, во 2016 година.

Од 2018 година кога е избрана за доцент по предметот Анестезиологија активно се занимава со настава што ја потврдува способноста за изведување на високообразовна дејност.

**Посебни услови**

Таа е вклучена во неколку меѓународни проекти кои завршуваат оваа година:

-*International project study no.00109164* - Студија дел од проектот Справување со загадување на Град Скопје - имплементиран од Програмата за развој на ОН (УНДП), Министерство за животна средина, а финансиски поддржан од Шведска (период на реализација 1.1.2021-30.9.2022 год.).

*Проект за зајакнување на капацитетите за трансплантација:* TAIEX Workshop on strengthening the capacity of the national transplant system, 6-7.9.2022, Skopje, N.Macedonia.

Доц. д-р Биљана Ефтимова успешно ја извршува својата *клиничка должност како анестезиолог реаниматор.*

Таа, исто така, активно придонесува во *оспособувањето на помлади соработници, специјализанти,* како и во нивната едукација. Таа своето знаење го шири и вон нашата

земја, така што во мај 2022 год. во склоп на Еразмус програмата (Erasmus Staff mobility for Teaching as an exchange lecturer) престојува како предавач на Медицински факултет при Комениус универзитетот во Братислава.

Автор е на *рецензирана Скрипта по ургентна медицин*а (во печат).

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Кандидатката доцент д-р Билјана Ефтимова стекнатите знаења успешно ги применува и во воспитно-образовната дејност.

Во периодот од 1993 до 2005 година работи како предметен наставник во Државното средно медицинско училиште „Јане Сандански" во Штип.

Во 2009 година е избрана за предавач по предметот Ургентни состојби, анестезија и реанимација на Високата медицинска школа при Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Таа е асистент по предметот Анестезиологија и реанимација на УГД од декември 2010 година.

Активно е вклучена во клиничката и научноистражувачка работа во матичната институција.

На 2 април 2018 година (Универзитетски билтен 208/2018) е избрана за насловен доцент за наставно-научната област анестезиологија (30200) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Во мај 2021 година е избрана во доцент за наставно-научната област анестезиологија (30200) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Публикувала повеќе од 52 труда како автор и коавтор кои се рецензирани и објавени во Универзитетски билтен на УГД и тоа: *бр.31 од ноември 2009 г.; бр.113, ноември 2013 г. и бр. 208 април/2018,* како и во Билтенот на УГД *бр. 275 од мај 2021 година.*

<u>Во последните години од последниот избор во 2021 година ги има публикувано следниве трудови кои се за рецензија:</u>

1. **Ефтимова Б:** ПРОТОКОЛ ЗА УРГЕНТНА ТРИЈАЖА - The Emergency Severity Index (ESI) - A triage tool for emergency department care - предавач на 2. Студентски конгрес на студенти по општа медицина – МН УГД - Штип, мај 2019.

Овој труд има голема клиничка важност и е особено важен во едукацијата на студентите и младите специјализанти од сите специјалистички области. Авторката се осврнува на редоследот и означувањето на итните пациенти, со што се скусува времето за преземање итни мерки за ресусцитација.

2. Lazarova B, **Eftimova B**, Mihailova L, Filkova S, Naumovska Z, Sterjev Z: Evaluation of antibiotic consumption in Clinical hospital in Stip for the period 2017-2019, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 66 (Suppl 1) 77 - 78 (2020) Online ISSN,18578969,UDC:615.33 .03(497.731)"2017/2019"DOI:10.33320/maced.pharm.bull.2020.66.03.038

Цел на оваа студија е да се евалуира користењето на антибиотици во Клиничката болница во Штип. Авторите со прифатениот стандарден ATC/DDD индекс прават анализа за користење на антибиотици во периодот 2017-2019. Добиените резултати посочуваат кон најголемо користење на цефалиоспорини од 3-та генерација. Авторите заклучуваат дека ваквите анализи со користење ATC/DDD индексот може да посочи кон оптимизирање на употребата на антибиотици.

3. **Eftimova B**, Lazarova B, Gazepov S, Naumovska Z: Prognostic value of lactate dehydrogenase for in-hospital mortality in critically ill patients with COVID-19 , KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.7, April 2021

Со цел да се одреди дали постои поврзаност меѓу покачените вредности на ЛДХ и морталитетот во болница кај критичните болни со COVID-19 , направена е оваа студија. Студијата е ретроспективна и се анализирани вредностите на ЛДХ и исходот кај 55 критично боно со ковид. Резултатите иако несигнификантни покажаа дека покачените вредности се поврзани со полот и имаат поврзаност со преживувањето. Авторите сметаат дека испитуваната група е мала за да посочи кон некој значаен заклучок.

4. Lazarova B, **Eftimova B**, Gazepov S, Naumovska Z: D-DIMER levels as a biomarker for disease severity and mortality in COVID-19 critically ill patients, KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.4. April 2021

   Оваа студија е направена со цел да се одреди дали вредностите на D-DIMER-ите се клучен фактор во исходот на болните со COVID-19. Во студијата се вклучени и анализирани сите критични болни со тешка COVID-19-пневмонија примени во Одделот за интензивно лекување во период од три месеци (декември 2020 – февруари 2021). Беа следени и анализирани клинички и демографски податоци кај 55 болни, како и бројот на тромбоцити и D-димерите од приемот до денот на испуштање. Сите болни беа третирани според протоколот со нискомолекуларен хепарин (еноксипарин 40-60 мг/ден). Резултатите покажаа поврзаност меѓу високите вредности на D-димерите, полот и морталитетот. Општо земено сите болни со смртен исход имале полоши коагулациски вредности од оние со средно јака форма на болеста.

5. Emini Sh, Gazepov S, **Eftimova B**, Lazarova B, Naumovska Z: Conjuctivitis caused by COVID-19, KNOWLEDGE – International Journal Vol. 45.7, April 2021

   Трудот претставува ревијален приказ на особеностите на појава на коњуктивит кај болните со ковид-19. Авторите се осврнуваат на вариететите на појава коњуктивит предизвикан од вируси. Главниот фокус е ставен врз карактеристиките, брзината на појавата и високата стапка на преносливост на коњуктивитот при ковид-19. Авторите заклучуваат дека тоа претставува нов предизвик за здравствените работници. Трудот има значајна практична вредност за сите лекари.

6. **Eftimova B**: Anesthetic Consideration for Geriatric Patients**:** Current topics in Anesthesiology 2021, Webinar-Simposium,19-21.11.2 (предавач)

   Со овој труд кандидатката учествува како предавач на Вебинарот за актуелни теми во анестезиологијата. Направен е ревијален осврт врз особеностите за анестезирање на геријатриската популација. Се апострофира дека станува збор за вулнерабилна популација која се судира со многу коморбидитети и специфични состојби како сензорни ограничувања, заборавност и сенилност. Изборот на анестезиолошката техника е од круцијална важност. Затоа се препорачува анестезија за дневна хирургија, по која постарите пациенти се будат бргу и се воспоставува контакт кој се важен за рана рехабилитација.

7. Lazarevski M, Zikova R, Mihailova A, Delipetrova N, Mojsova Mijovska M, Trojik T, **Eftimova B:** Hypoglicemia in cesarean section – case report: Current topics in Anesthesiology 2021,Webinar-Simposium,19-21.11.2021

   Авторите презентираат случај на хипогликемија при секцио цезареа. Трудот е презентиран на Вебинарот за актуелни теми во анестезиологијата. Во трудот се елаборираат сите предизвици на ваквата состојба и е презентирана успешната реанимација на 28-годишна родилка со хипогликемична криза. Веднаш по отстранувањето на плацентата дошло до дестабилизација на состојбата на пациентката, со тахикардија, хипотензија, диспнеја, бледило на кожата и сува уста. Бидејќи пациентката била во анестезија со кетамин, измерена е гликемија, со вредност 2,1 mmol/l. Направена е корекција на хипогликемијата со 40 ml декстроза 35% и вклучени дектроза 5%, колоиди и ефедрин 5 мг за коригирање на хипотензијата. Постоперативно пациентката е следена во Одделот за интензивно лекување, а следниот ден префрлена на Одделот за акушерство.

8. Delipetrova N, Lazarevski M, Zikova R, Mihailov M, Kukusheva A, **Eftimova B,** Mojsova Mijovska M, Trojic T: Gastrointestinal bleeding as a complication of Covid-19 - Case report: Current topics in Anesthesiology 2021, Webinar-Simposium,19-21.11.2021

   Тоа е труд презентиран на Вебинарот за актуелни теми во анестезиологијата (2021). Авторите ги елаборираат компликациите поврзани со гастроинтестинално крвавење кај болни со ковид-19. Во трудот е претставен случај на 69-годишен пациент со ковид-19 пневмонија со нарушени витални параметри заради што бил третиран во ковид-ОИЛ. Третиран по протокол заради влошување на белодробниот наод. На 10-тиот ден од хоспитализацијата развива мелена со редукција во крвната слика. Итно е реанимиран со трансфундирање на декантирани еритроцити, плазма и специфична терапија (H2-блокатори, инхибитори на протонската пумпа и антимускарински лекови). Направена е итна гастроскопија и е установено присуство на дуоденален улкус со присутен крвен

сад на дното врз кој веќе бил формиран коагулум. Контролната гастроскопија по два дена покажала дека крвавењето сосема сопрено. Авторите во овој труд го акцентуираат мултидисциплинарниот пристап кај болните во критична состојба.

9. Zikova R, Lazarevski M, Mihailova A, Delipetrova N, Mojsova Mijovska M, Trojik T, Eftimova B: Anesthesia in a patient with intracerebral hemorrhage - Case report- Новини во анестезиологијата 2021, ГОБ „8 Септември" - Скопје

Во трудот е претставен анестезиолошкиот пристап кај болен со интракранијална хеморагија. По итната дијагностика болниот е опериран и анестезиран со фентанил, есмерон и севофлуран. Пероперативно, хипертензијата е третирана со нитроглицерин. Пациентот превентивно постоперативно е ставен на спонтано будење без декураризација и успешно е екстубиран по 3 часа во ОИЛ. Авторите го истакнуваат значењето на навремено дијагностицирање и итно интервенирање кај случаите со интракранијална хеморагија, кои во спротивно би имале фатален крај.

10. Lazarevski M, Lazarevska M, Zahariev V, Lazarev M, Eftimova A, **Eftimova B:** Neuroanesthesia in Geriatric Patient-Case report, TARK,55 Hibrid Congress,28-31ok.2021, Antalia, Turkey

Авторите го презентирале трудот на 55. Конгрес на Здружението на анестезиолози и реаниматолози на Турција, одржан во Анталија, во октомври 2021 година. Во трудот се елаборира напредокот во анестезиологијата, особено во невроанестезилогијата, но анестезирањето на постари пациенти со неврохируршко страдање сè уште претставува предизвик. Презентиран е случај на анестезирање на 85-годишна пациентка заради компресивен синдром на интракранијален тумор (менингеом). Во подготовката на болната е дадена трансемична киселина за да се превенира несакано пероперативно крвавење. Болната е анестезирана со општа анестезија со ремифентанил и севофлуран. Постоперативно болната во ОИЛ е на механичка вентилација 3 часа, по што е екстубирана и со сосема уреден постоперативен тек.

11. Zikova R, **Eftimova B:** Specifics of anesthesia in a patient with intracerebral hemorrhage – case report**,** KNOWLEDGE -International Jurnal vol.51 No.4, 35 th International Scientific Conference KNOWLEDGE WITHOUT BORDERS 01-03.04.2022, Vrnjačka Banja, Serbia

Со цел да се покаже дека навремената дијагноза, итниот хируршки третман и адекватната анестезија се клучни за исходот на интракранијалните крвавења. Во трудот е презентиран случај на 50-годишен маж кој е примен во сопорозна состојба со почетно закажување на дишењето. По иницијалната дијагностика болниот бил итно примен во ОИЛ и подготвен за оперативна интервенција. Анестезијата е водена според протоколот за безбедна неврохируршка анестезија.

12. **Eftimova B,** lazarova B. Eftimova A: Cesarean Section and Spinal Anesthesia in Clinical Hospital Shtip International Jurnal Dental and Medical Sciences Research, vol.4, Issue 5, Sept-Oct. 2022, pp 248-251

Со цел да се изнајде која е најчесто користена анестезиолошка техника при оперативно завршување на породувањето во Клиничката болница - Штип, направена е анализа на 1126 елективни и итни секцио цезареа во период 2016-2019 година. Во овој труд се елаборираат можностите на Клиничката болница - Штип и зборува за пристапот на анестезирање при секцио цезареа. Авторите покажуваат како во следениот временски интервал се зголемил бројот на спинални анестезии. Така во 2019 година, во тек на 7-месечниот период, 48.5% од родилките породени оперативно се анестезирани со спинална анестезија. Во заклучокот авторите ги апострофираат предностите од користење на спинална анестезија за секцио цезареа како безбедна и едноставна анестезија.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Доцент д-р Ефтимова е член и заменик-претседател на Невладината организација „Нов живот" за борба против малигни заболувања, член на Државната комисија за полагање на стручни испити на лекари од општа медицина, член на Комисијата за реформи во болниците при Лекарската комора на Македонија и член на Собранието на Лекарската комора на Македонија (2011-2017). Исто така, таа членува во Македонското здружение

на анестезиолозите, Светското здружение на анестезиолозите (WFSA) и Меѓународната асоцијација за терапија на болка (IASP). Има добиено и повеќе награди и признанија од Лекарската комора на Македонија за особени залагања и придонеси во лекарската професија, како *благодарница, диплома* и *плакета.*

Во склоп на својата континуирана едукација ги посетувала следните семинари: Современ пристап во лекувањето и испитувањето на артериска хипертензија (Штип, 1994), Семинар во Салцбург (Cornell Seminars, Cornell University, Medical college) во мај 1995 година; Европска фондација за едукација во анестезиологијата (F.E.E.A.) - континуирана едукација (сите 5 циклуси во Дојран во тек на 5 последователни години 1999 - 2003), Едукација за примена на нова специјалистичка апаратура во интензивната нега (JICA Medisun. Co., 2 јануари - 28 февруари 2000 во Јапонија), Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Intensive Care Unit, 1-30 септември 2000 г.); Специјалистичка обука во АКН – Виена (Anesthesia and Reanimation Clinic-Pain Therapy departement, 1-30 јули 2001г); Менаџмент во здравствениот систем - Izrael (Galillee Coledge, октомври-ноември 2001 г.); Обука за терапија на болка кај болни од карцином - одржана во Клинички центар – Љубљана (Словенија) на Одделот за онкологија, јануари - февруари 2003 год.; Основна обука за ентерална и парентерална исхрана – одржана во Изворани, Романија (октомври 2003 год.); Обука за анестезија на Медицинскиот универзитет „Сорока“ во Тел Авив, Израел (февруари - март 2004 год.); Напредната обука за ентерална и парентерална исхрана одржана во Клиничкиот центар во Мастрихт (Холандија) во мај 2005 г.; Европска школа за онкологија - обука за палијативна нега кај болни од карцином во септември 2006 г., Стокхолм (Шведска); Европска школа за онкологија за терапија на терминални болни (обука во Лугано, Швајцарија, јули 2009 г.; Раководење со човечки ресурси, обука под раководство на МЦМС, Маврово (во ноември 2007 г.); Тренинг-обука за болнички менаџмент во земјите на Југоисточна Европа (јануари- февруари 2008, Јапонија); Обука за Сертификат за менаџмент и лидерство во здравство - Министерство за здравство на Р. Македонија (Скопје, 2006-2007 г.); Престој на Мичиген универзитетот во САД на Клиника за анестезиологија (ноември-декември 2014).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Доц. д-р Билјана Ефтимова** е доктор на медицинските науки од областа на анестезиологијата и единствен пријавен кандидат на Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област анестезиологија. Таа професионално се занимава со анестезиологијата веќе 30 години.

Комисијата ги анализираше доставените материјали за рецензија и смета дека кандидатка Доц. д-р Билјана Ефтимова ги исполнува општите и посебни услови предвидени со Конкурсот за избор во звањето вонреден професор. Својата одлука Комисијата ја базира на фактот дека кандидатката приложила доволен број на документи – докази и ги задоволува законските услови во Конкурсот од кои може да се види дека таа покрај формалните критериуми на Конкурсот кои се составен дел на Правилникот за посебните услови и постапката на избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и има перманентен континуиран стручен развој од специјализирањето па сè до денес. Посебно импресионира присуството на големиот број странски и домашни форуми за континуирана постдипломска едукација, како и сосема пристојниот број на стручни трудови објавени во земјава и во странство.

Врз основа на приложениот материјал, како и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има посебна чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да ја избере доц. д-р Билјана Ефтимова во наставно-научно звање вонреден професор во наставно-научната област анестезиологија (20300) на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Шољакова, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Јордан Нојков, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска, редовен професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**вонреден професор д-р Билјана Ефтимова**

| Р.бр. | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање доцент | 30 |
| | | |
| | **Вкупно** | **30** |

| Р. бр. | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3)<br>**Трудови под реден број 3 и 12 - прв автор**<br>**Трудови под реден број - 2, 4 и 11 втор автор**<br>**Труд под реден број 5 - останати автори** | 2 X 9 = 18<br>3 x 6 = 18<br>1 x 3 = 3 | | | | **39** |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во зборник на трудови на научен собир<br>**Во земјава - Трудови под реден број 7, 8 и 9**<br>**Во странство - Труд под реден број 10** | 3 x 2 = 6 | | 1 x 3 = 3 | | **9** |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир<br>**Дома - под реден број 1 и 6** | 2 x 3 = 6 | | | | **6** |
| 10 | Одбранета докторска дисертација | 8 | | | | **8** |
| 11 | Одбранет постдокторски труд или Одбранета специјализација | 6 | | | | **6** |
| | **Вкупно** | | | | | **68** |

| Р. бр. | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | вкупно |
| 13 | Учесник во меѓународен научен проект | | | 2 x 8 | | **16** |
| 19 | Стручни награди и признанија | 4 | | | | **4** |
| 26 | Раководител на катедра/оддел/центар | 3 | | | | **3** |
| 29 | Член на институтски орган, комисија | 3 x 2 | | | | **6** |
| | **Вкупно** | | | | | **29** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | **127 бода** | | | | |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ ЗА СКРИПТА „ПРИМЕНА НА АНАЛИТИЧКО-НУМЕРИЧКИ МЕТОДИ И МОДЕЛИ ЗА ОПТИМИЗАЦИЈА НА КОМПЈУТЕРСКО ВОДЕНИ ПРОЦЕСИ“ ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДАР КРСТЕВ, ДОЦЕНТ Д-Р ТОДОР ЧЕКЕРОВСКИ, ДОЦЕНТ Д-Р ДАЛИБОР СЕРАФИМОВСКИ И Д-Р РИСТЕ ТИМОВСКИ ОД ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА И ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлука број 1502-104/10 од 13.9.2022 година на 216. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 13.9.2022, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Билјана Златановска, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- д-р Васко Кокаланов, вонреден професор на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложен ракопис - скрипта „Примена на аналитичко-нумерички методи и модели за оптимизација на компјутерско водени процеси“ од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, доцент д-р Тодор Чекеровски, доцент д-р Далибор Серафимовски и д-р Ристе Тимовски.

По преглед на ракописот го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Скриптата е наменета за изборниот предмет Применето софтверско инженерство во реална средина за студентите од четврта година, седми семестар на студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки, со фонд на часови 2+2+1 (6 кредити) на Факултет за информатика при УГД во Штип. Скриптата е во целост усогласена со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма Компјутерско инженерство и технологии и Компјутерски науки – прв циклус на четиригодишни студии на Факултет за информатика.

Податоци за обемот на ракописот: Ракописот, напишан на македонски јазик, содржи 140 страници во А4 формат, подели во 5 тематски целини: Одлуки и постапки на нивно донесување, Аналитички методи на оптимизација, Нумерички методи на оптимизација, Основни принципи на повеќе-критериумско одлучување, Општи поими за инженеринг (Компјутерски потпомогнато производство, Компјутерски-интегрирани производни системи, Програмибилни логички управувач, Линеарно дигитално управување на информациски системи, Дистрибуирани компјутерски системи). Ракописот содржи 54 слики и 10 табели. Користени се 30 библиографски единици. Предложениот ракопис е во согласност со Студиската програма и со одредбите од Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, и во целост ја покрива наставната материја предвидена за 2 (два) часа неделно предавања односно 24 (дваесет и четири) часа по семестар.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Според нашите сознанија, ваква скрипта, по обем и содржина, којашто одговара на предвидената наставна програма по предметот Применето софтверско инженерство во реални средини на ФИ при УГД, не е објавена.

Краток опис на содржината: Во воведниот дел се дава преглед на некои дефиниции и основни поими инженерски процеси.

Во првото поглавје „Одлуки и постапки на нивно донесување“ се дефинира поимот процеси и се идентификуваат објективните и субјективните потреби за дизајн на

процесни системи и одлуките кои се донесуваат во зависност од истите, кои се поврзани со концепцијата на информатиката, како и од индивидуалните особини на поединецот, соодветно.

Во второто поглавје „Аналитички методи на оптимизација" се опишани општите поими поврзани со аналитичките математички методи на процесите. Се дава опис на тоа што претставува математички модел, како е изведен и како опишува една структура или операција која се управува според некои ограничувања и поставки.

Во третото поглавје „Нумерички методи на оптимизација" се опишани општите поими поврзани со нумеричките математички методи на процесите. Се дава опис на тоа што претставува математички модел, како е изведен и како опишува една структура или операција која се управува според некои ограничувања и поставки.

Четвртото поглавје „Основни принципи на повеќекритериумско одлучување" се дава опис на тоа што претставува повеќекритериумското одлучување, кои се неговите карактеристики, кои се методите и техниките кои се користат при дизајн на системи.

Во петтото поглавје „Општи поими за инженеринг" се дава опис на примената на математичкиот инженеринг и софтверското инженерство, кои се неговите предности и каква примена имаат истите.

Последната страница од ракописот е резервирана за користената литература.

Ракописот е напишан на јазик разбирлив за студентите, со користење на поголем број на слики и практични примери, кои го олеснуваат учењето на применето софтверско инженерство во реални средини.

Во однос на Наставниот план и програма за студии на Факултетот за информатика, материјалот е соодветен за да може да се користи како учебно помагало по предметот Применето софтверско инженерство во реални средини.

## З А К Л У Ч О К

Со оглед на изложеното, на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип со задоволство му препорачуваме **ракописот „ Примена на аналитичко-нумерички методи и модели за оптимизација на компјутерско водени процеси" од авторите вон. проф. д-р Александар Крстев, доцент д-р Тодор Чекеровски, доцент д-р Далибор Серафимовски и д-р Ристе Тимовски да го прифати за печатење како скрипта.**

## Р Е Ц Е Н З Е Н Т И

**Д-р Билјана Златановска, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Васко Кокаланов, вонреден професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН” ОД ПРОФ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-233/14 од 1.11.2022 година, на 44. седница одржана на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 31.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Васка Сандева, редовен професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН” од проф. д-р Катерина Деспот, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот**:** Учебникот „Индустриски дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот е јасно конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Индустриски дизајн, кој се изучува како предмет на првиот циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, на студиска програма Дизајн на ентериер и мебел при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во трета година, шести семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1, и носи 6 кредити, вкупно 180 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија од потесната област на дизајнот односно индустрискиот дизајн, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Податоци за обемот на ракописот**:** Материјалот што е предмет на обработка во овој учебник е изложен прегледно и концизно, претставен во текст од вкупно 260 страници, во кои се содржани и библиографски единици, периодични списанија. Начинот на кој е поставена истата ќе помогне во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов**:** Учебник со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитетот „Гоце Делчев“, како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

Краток опис на содржината**:** Учебникот содржи 260 страници групирани во 12 (дванаесет) глави и тоа:

Глава (1) еден се разгледува творечкиот процес и што се подразбира под поимот индустриски дизајн разгледуван од различни аспекти. Во материјалот се следи развојот на дизајнот, како и улогата и значењето на индустрискиот дизајн.

Во глава (2) два е разгледан историскиот развој на индустрискиот дизајн од неговата појава преку сите современи текови до денес.

Во глава (3) три е прикажана атрактивноста на професијата индустриски дизајнер и каква е нејзината легитимност во нашето современо производство, каква е неговата задача и одговорност.

Во глава (4) четири е образложена формата и содржината на производот, што претставува обликувањето на форма за самиот производ. Разгледани се и различните теории за значењето на формата.

Во глава (5) пет се разработени анализа на идеи, развивање на идеи и фазите на развој на нов производ.

Во глава (6) шест е процесот на дизајнот на производот. Прикажана е детална разработка на фазите во процесот на дизајнирање.

Во глава (7) седум е разработено ограничувањето на развојниот дизајн на производот од различни аспекти.

Додека во глава (8) осум е прикажано влијанието на функционалноста на производот врз животот на човекот и која е граничната точка на функционалност.

Во глава (9) девет е разгледан дизајнот за човекот, интеграцијата и дизајнот, како и психологијата на производите.

Во глава (10) десет се прикажани сите етапи во дизајнирање на производ од скица до изработка на модел на дизајниран производ.

Во глава единаесет се разработени филозофските аспекти во дизајнот на индустриски произведените предмети.

Во глава (12) дванаесет е прикажано правото на индустриска сопственост и негова заштита.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени релевантните аспекти на индустриски дизајн.

Концизното и експлицитно презентирање на проблематиките од оваа област даваат голема можност за користење на овој материјал не само од страна на студентите, туку и пошироко од страна на пошироката читателска публика која се чувствува блиска кон оваа проблематика, како и кон оние кои имаат потреба од соодветни дизајнерски предзнаења од областа на индустрискиот дизајн.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот „Индустриски дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, е напишан според предметната содржина за предметот за којшто е наменет и ќе им биде од особена корист на студентите при совладувањето на наставните содржини.

Предметната проблематика во учебникот е коректно обработена, избрани се соодветни методолошки пристапи базирани на современите достигнувања во полето на дизајнот со нагласено едукативно значење.

Сметаме дека овој учебник ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења од оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип да го поддржи издавањето на учебникот „Индустриски дизајн” од проф. д-р Катерина Деспот, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Васка Сандева, редовен професор, с.р.**
**Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПЛАНИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ” ОД ПРОФ. Д-Р ВАСКА САНДЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 1702-233/15 од 1.11.2022 година, на 44. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки, одржана на 31.10.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Катерина Деспот, редовен професор, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија;
- д-р Петар Намичев, редовен професор, Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, Република Северна Македонија,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ПЛАНИРАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ” од проф. д-р Васка Сандева, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот**:** Учебникот „Планирање и одржување на зелените површини” од проф. д-р Васка Сандева е јасно конципиран и пишуван според Наставниот план и програма за предметот Планирање и одржување на зелените површини, кој се изучува како предмет на првиот циклус студии на Факултетот за природни и технички науки, на студиската програма Пејзажна архитектура при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, во трета година, шести семестар, со неделен фонд на часови 3+2+2, и носи 8 кредити, вкупно 240 кредити.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува материјал преку кој студентите ќе можат да ги надополнат своите сознанија од потесната област на пејзажната архитектурата, но и ќе може да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

Податоци за обемот на ракописот**:** Материјалот што е предмет на обработка во овој учебник е изложен прегледно и концизно, претставен во текст од вкупно 267 страници, во кои се содржани и библиографски единици, периодични списанија. Начинот на кој е поставена истата ќе помогне во доближување и поедноставно претставување на материјата до студентите.

Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial, големина на буквите 11. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов**:** Учебник со ист или сличен наслов што обработува иста содржина на Универзитет „Гоце Делчев“, како и на останатите државни и приватни универзитети во Македонија, досега не е објавена и како целина и начин на обработка на материјата, ракописот е оригинално дело.

Краток опис на содржината**:** Учебникот содржи 267 страници групирани во 12 (дванаесет) глави и тоа:

Глава (1) еден се разгледува творечкиот процес и практичните аспекти на пејзажната архитектура во целина. Во материјалот се следи развојот на пејзажната архитектура, како и улогата и значењето на урбаното зеленило.

Во глава (2) два е разгледана заемната врска помеѓу градот и околината. Ставено е акцент на зависност помеѓу градот, големината и положбата на шумските масиви и присуство на водни површини, помеѓу градот и неговата структура, функционално зонирање и стопанскиот профил и градот и неговите санитарно-хигиенски услови и композициско-визуелни врски.

Во глава (3) три е прикажано влијанието на природните и антропогените фактори врз зелениот систем. Дадено е целосно истржување за тип, поим и структура на населбите, како и влијанието на еколошките фактори како последица на човечката активност.

Нормирањето на зелените површини, класификацијата на системот на зелените површини, како и типови на систем на зелени површини и нивна класификација се прикажани во глава (4) четири.

Во глава (5) пет се разработени карактеристики на системот на зеленило во функција на функционалната работа, станбениот простор, функционалниот одмор, сообраќајниот систем, градскиот центар.

Во глава (6) шест е прикажана детална разработка на класификацијата на зелени површини со детална разработка од секој сегмент поврзан со зелените површини.

Во глава (7) седум е разработено уличното и крајпатното озеленување.

Додека во глава (8) осум е прикажано планирање и проектирање на зелени површини со етапите на развитие, видови проекти и чекори на проектирање, проектна задача, претпроектна оценка, пејзажна анализа на територијата, разработка на проектно решени, проектни елементи во пејзажната композиција, пренесување на проект од план на терен.

Во глава (9) девет е разгледано садење и одржување на живи огради, грмушки и дрвја во просторот.

Во глава (10) десет и глава (11) единаесет се прикажани постапки за садење, определување на локација и подигање на цветни и тревни површини.

Во глава (12) дванаесет се разработени подигање и проектирање на алпинеум, значење на водните објекти во просторот и нивна изградба и архитектонските елементи кој се застапени во паркот.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени релевантните аспекти на планирањето и одржувањето на зелените површини.

Концизно и експлицитното презентирање на проблематиките од оваа област даваат голема можност за користење на овој материјал не само од страна на студентите, туку и пошироко од страна на пошироката читателска публика која се чувствува блиска кон оваа проблематика, како и кон оние кои имаат потреба од соодветни дизајнерски предзнаења од областа на пејзажната архитектура.

Овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**ЗАКЛУЧОК**

Врз основа на претходно изнесеното, Рецензентската комисија констатира дека ракописот за учебникот „Планирање и одржување на зелените површини" од проф. д-р Васка Сандева, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, е напишан според предметната содржина за предметот за којшто е наменет и ќе им биде од особена корист на студентите при совладувањето на наставните содржини.

Предметната проблематика во учебникот е коректно обработена, избрани се соодветни методолошки пристапи базирани на современите достигнувања во полето на пејзажната архитектура со нагласено едукативно значење.

Сметаме дека овој учебник ќе им овозможи на студентите да се стекнат со потребните знаења од оваа област, а ќе даде придонес и во научната и стручната јавност и затоа со големо задоволство препорачуваме да биде објавен.

Врз основа на гореизнесеното, Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да го поддржи издавањето на учебникот „Планирање и одржување на зелените површини" од проф. д-р Васка Сандева, редовен професор на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Катерина Деспот, редовен професор, с.р.**
**Д-р Петар Намичев, редовен професор, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата

| Билтен **15.12.2022** година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ | 1. Влијанието на италијанскиот дизајн врз производството на софа во Македонија | 1702-74/7 од 23.2.2022 год. | Проф. д-р Петар Намичев | Андријана Соколовска |
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 2. Животот и делото на Пат Мартино | 1402-106/9 од 6.12.2022 год. | Проф. м-р Антонијо Китановски | Петар Марковски |
| ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА | 3. Потенцијали за развој на алтернативните форми на туризам во Скопска Црна Гора | 2102-230/7 од 7.12.2022 год. | Проф. д-р Дејан Методијевски | Марија Нешковиќ |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 4. Психолошко профилирање на серски убијци – case study | 1102-164/16 од 9.12.2022 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Розе Сурловска |
| | 5. Анализа на казните спрема децата со посебен осврт на казните со лишување на слобода | 1102-164/15 од 9.12.2022 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Мила Наџакова |
| | 6. Институтот нужна одбрана при семејно насилство од аспект на жената како сторител | 1102-164/14 од 9.12.2022 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Елена Паризова |

**ПРЕГЛЕД**

**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4**

| | Одлука | Тема | Ментори | Студент |
|---|---|---|---|---|
| ФОН | 0206-790/4 од 5.12.2022 г. | „Училишниот педагог во основното училиште“ / „The school pedagogue in modern school“ | проф. д-р Емилија Петрова Ѓоргева, интерен ментор<br><br>проф. д-р Татјана Атанасоска, екстерен ментор | Сања Гацов |